# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>16.11.2015 год.<br>БРОЈ 12 ГОДИНА 50 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| **Реден број** | **Назив на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 – 2018 за периодот од 01.07. - 30.09.2015 година. | **4** |
| **2.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2015 година. | **16** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015 - 2017 за периодот од 01.07. - 30.09. 2015 година. | **32** |
| **4.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт за 2015 година за периодот од 01.01. - 30.09.2015 година. | **50** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **53** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **57** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2015 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **61** |
| **8.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **64** |
| **9.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **70** |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2015 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **76** |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **80** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за јавно осветлување 2015-2017 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **84** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **92** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **97** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година. | **110** |
| **16.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2018 година. | **119** |
| **17.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за образование 2015 - 2017 година. | **127** |
| **18.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за детска заштита 2015 - 2017 година. | **129** |
| **19.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на програмата за култура за 2015 година. | **130** |
| **20.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на програмата за спорт за 2015 година. | **132** |
| **21.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година. | **135** |
| **22.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2015 - 2017 година. | **142** |
| **23.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување за период од 2015 - 2017 година. | **144** |
| **24.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за јавно осветлување за 2015 - 2017 година. | **145** |
| **25.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2015 - 2017 година. | **147** |
| **26.** | Одлука за изменување и дополнување на буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2015 година. | **149** |
| **27.** | Одлука за усвојување на оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби за 2015 - 2016 година. | **201** |

| | | |
|---|---|---|
| **28.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ОЈУ„Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2015/2016 година. | **208** |
| **29.** | Одлука за измена на Одлуката за пренесување на правото на користење на ПМВ возило марка Форд Фиеста сопственост на општина Охрид на ЈП Градски Пазар Охрид. | **209** |
| **30.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид. | **210** |
| **31.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар Охрид. | **213** |
| **32.** | Одлука за обезбедување на надоместок за експропријација на недвижност. | **218** |
| **33.** | Решение за формирање Комисија за утврдување на предлогот на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2016 година | **219** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2015 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 – 2018 за периодот од 01.07. - 30.09.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година.

**Број 09-15684/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2015 - 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2015 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 - 2018 за периодот од 01.07. - 30.09.2015 година.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15684/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Извештајот е изработен за периодот од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, во периодот од 01.07 до 30.09.2015 год. за реализација на:

- ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.07.2015 – 30.09. 2015 ГОДИНА

Во периодот 01.07.2015 – 30.09.2015 год. одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**
2. **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми**
3. **Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**
5. **Развој на информативен систем**
6. **Изготвување на анализи, извештаи и информации**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2346 станоиздавачи) и процесот на продолжување на решението за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем
- Организација и реализација на манифестацијата “БЕЛО ЛЕТО 2015” (04.07.2015)
- Организација на манифестацијата “Денови на Медот во Охрид” (7-9.08.2015)
- Организација и реализација на фестивалот на “ВИНО И СИРЕЊЕ 2015” и ревија на Олдтајмери (15-16.08.2015)
- Организација и реализација на манифестацијата “ОХРИДСКА СОФРА 2015”
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во странски медиуми – репортажа во Croation Traveller
- Промоција на Охрид во тиражниот магазин на „Визер“, кој се дистрибуира во сите авиони на „Визер“ кои летаа ширум светот, објавена е репортажа за Охрид,
- Промоција на Охрид во странски ТВ станици - снимени репортажи за Охрид од екипа на телевизиска куќа од Далиан - Народна Република Кина,
- Поставена туристичка берза на локацијата автобуска станица за регистрираните приватни станоиздавачи
- Субвенционирање на Туристичката Такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем
- Започнување со активности на Туристичкиот информативен центар на влезот од Охрид
- Извршени туристички контроли врз физичките лица кои незаконски сместуваат гости

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

## АНЕКС 1

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 година

1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)

1.2 Промоција на туризам, организирање на настапи и присуство на саеми, техничка и логистичка поддршка на културни и спортски манифестации во градот

1.3 Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,

1.4 Подготовка на проекти и проектно управување

1.5 Развој на информативен систем

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.07 до 30.09.2015 год.**

**1. Управување со туризмот**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)** | | | | | |
| 1 | Јули - Септември 2015 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи од мал обем | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани вкупно 2346 станоиздавачи од мал обем од кои 18 нови станоиздавачи се регистрирани во овај квартален период | Не се потрошени финансиски средства |
| 2 | Јули - Септември 2015 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи од мал обем | За таа цел подготвена е документација: изготвување постапка, барање за продолжување на категоризацијата и праќање известување на станоиздавачите на кои им поминал рокот на решението од 3 години. | Во овој квартален период продолжени се 61 решение за категоризација | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.2 Одбележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| 1 | Јули - Септември 2015 | Проект „Кон Алтернативен Туризам“. | Активноста е во рамките на проектот “Кон алтернативен Туризам“, во кој Општина Охрид учествува како партнер, со што целосното финансирање е обезбедено од страна на главниот апликант МРФ (Македонска Развојна Фондација за Претпријатија), во рамки на IPA CBC | Овој проект придонесува реализација на активностите предвидени во подстратегијата за рурален развој. На потенцијалните посетители (туристи) им | Реазлизираните активности се донација на МРФП. Општина Охрид нема потрошено финансиски средства. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2011. | се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места со тоа што се поставени информации за атрактивни локации на територијата на општина Охрид. Притоа, беа поставени 50 патокази, 22 мали инфо табли, 5 средни инфо табли, 7 големи инфо табли, уредување на 5 видиковци, поставување на 15 дрвени маси со клупи, 5 паркинг места за велосипеди и две полетно слетни писти за параглајдинг. | |
| **1.3. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| **1** | Јули - Септември 2015 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | По објавениот јавен повик за субвенционирање на Таксата за привремен престој за првото шестмесечие од 2015 год. беа поднесени 14 барања и за истите беше извршен увид на документацијата и изготвени | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до | Во тек е постапка за исплата на средства за субвенционирање на ТТПП |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | записници. | подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | |
| **1.4 Субвенционирање на авио превозници** | | | | | |
| **1** | Јули - Септември 2015 | Субвенционирање на авио превозници (отварање на нова авио линија Охрид - Лутон – Охрид и) со Авиокомпанија Визер. | Согласно развојната Програма за Туризам 2015-2018 отварени се нови директна авио линии на релација Охрид - Лутон – Охрид. Целта е зголемување на бројот на туристи од Велика Британија. | Зголемен е бројот на туристи кои доаѓаат со новововедената линија Охрид - Лутон – Охрид. По извршените анализи од страна на одделението за туризам констатирано е дека само на релацијата Охрид - Лутон – Охрид за периодот од Јули до Септември се превезени преку 8000 патници. Воедно Визер во својот авио магазин е обврзан да објавува репортажи за Охрид и туристичкиот потенцијал. | Исплатата ќе се изврши согласно тендерската процедура и потпишаниот договор во наредните квартали |

## 2. Промоција на туризмот

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| **1** | Јули-Спетември 2015 | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски електронски и печатени медиуми | Репортажа за Охрид во магазинот на авиопревозникот Визер, репортажа во Croatian Traveler.Снимени промотивни видео репортажи од екипи на ТВ куќи од Далиан – Народно Република Кина, ТВ куќи од Р. Турција и МРТВ – Р. Македонија. | Објавена репортажа за Охрид во хрватското списание Croatian Traveler, Објавена репортажа за Охрид во магазинот на авиопревозникот Визер, Промовирана туристичката понуда и туристичкиот потенцијал на град Охрид - објавени репортажи за Охрид од телевизиска куќа од Далиан - Народна Република Кина и сателитските канали SKY TURK 360 , TRT BELGESEL од Р. Турција и МРТВ – Р. Македонија | За репортажата во Хрватско списание Croatian Traveller потрошени 41.818,оо денари, За репортажата од телевизиска куќа од Далиан- НР Кина потрошени финансиски средства во износ 36.600,оо денари |
| **2.2. Презентација на меѓународни туристички берзи** | | | | | |
| **1** | Септември 2015 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ и општина Охрид испратен е промотивен материјал за промоција на град Охрид на меѓународните туристички саеми во Јапонија – Токио (24-27.09.2015) и Франција – Париз (29.09 – 02.10.2015). | Преку агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ испратени се промотивни материјали како туристички водичи на град Охрид, фотоброшури, постери, брошура на манифестации и др. вид на промотивен материјал се со цел промоција на Охрид во | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | меѓународните туристички саеми во Јапонија и Париз. | |
| **2.3 Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи** | | | | | |
| **1** | Јули 2015 | Организација и реализација на мапифестацијата Бело Лето 2015 | Манифестацијата се одржа на 04 Јули, на повеќе локации низ центарот на Охрид. Оваа манифестација вклучува промоција на три сегменти од туристичката понуда на Охрид. На плоштадот кај платото на Долна Порта имаше промоција на алтернативни форми на туризам,занаетчиството и традиционални производи. На градскиот плоштад се одржа голем концерт на групата “Слаткаристика”, Тајзи и Саунд Месинџерс со кои официјално е отворена туристичката сезона во Охрид.<br>Манифестацијата „Бела Ноќ“ вклучуваше работа на угостителските објекти, без ограничување, цела ноќ. | Оваа манифестација го означува почетокот на летната туристичка сезона во град Охрид. Присутни беа голем број на туристи и посетители од Македонија и странство. Одржана промоција на различните сегменти и форми на туризам. Поставени беа штандови за промоција на алтернативните форми на туризам (параглејдерство, велосипедизам итн). Во соработка со занаетчиската комора презентирани беа рачните изработки на сувенири. | Потрошени финансиски средства во износ од 276.000,00 ден |
| **2** | Август 2015 | Манифестација Денови на Медот во Охрид | Во соработка со здружението на Пчелари Охрид, на 5 штандови на плоштадот Крушевска Република од 7 до 9 август се одржа манифестацијата “Фестивал на Медот” на кој беше извршена промоција на мед и производи од мед. Посетителите имаа можност да вршат и дегустација на производите. | Во соработка на секторот за ТЛЕР и здружението на Пчелари пред многубројните странски и домашни туристи беше промовиран природниот мед од Охридскиот регион. | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Август 2015 | Фестивал на Вино и Сирење и ревија на Олд Тајмери | На 15 и 16 август, Охрид беше домаќин на две меѓународни манифестации – фестивал на Вино и Сирење и ревија на Олд Тајмери. Општина Охрид во соработка со прекуграничниот регион Преспа, како дел од програмата на ABDA која се спроведува преку Regional Rural Development Standing Working Group (SWG) ја организира манифестацијата “ВИНО И СИРЕЊЕ” преку која се изврши промоција на руралните производи –разни видови на сирења и квалитетни сортни вина на производители од Македонија и Албанија.<br>Фестивалот беше збогатен со настап на културно уметнички друштва и рок бендови.<br>Како дел од активностите што ги имплементира општина Охрид и секторот ТЛЕР, беше организирана ревијата на Олдтајмери на која што продефилираја преку 30 раритетни стари возила кои што преставуваа вистинска туристичка атракција. | На манифестацијата присуствуваа голем број на домашни и странски гости пред кои беа промовирани разни видови на сирења и вина. Како дополнување на туристичката понуда се одржа изложба и ревијално возење на олдтајмери со што се зголеми туристичката понуда а воедно и зголемување на бројот на домашните и странски туристи. | Вкупниот износ на потрошени финансиски средства за реализација на манифестацијата изнесува 169.100,00 ден од кои 132.200,00 ден се надоместени од SWG. |
| **4** | Август 2015 | Организирана манифестација Охридска Софра, со цел промоција на традиционална храна и пијлаци, како и други форми на традиционални и културни вредности од Охридскиот крај. | Секторот за ТЛЕР ја организира манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА. Во рамки на манифестацијата беше извршена промоција на подготвените ѓомлезина, традиционалната македонска храна и пијлоци, специјалитетите од готвачи од охридските ресторани и хотели, како и традиционалните охридски јадења приготвени од студентите од отсекот | Промовирани Охридски традиционални јадења и пијлоци пред голем број на гости од државата и странство. Во натпреварувачкиот дел учество зедоа 12 учесници од кои трочлената комисија ги избра најдобрите и им додели награди во вкупен износ од 20 000ден. | Потрошени финансиски средства во износ од 86.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | “Гастрономија” при Факултетот за туризам и угостителство од Охрид. Манифестацијата беше збогатена со настап на етно групата “Баклава”. | Манифестацијата беше медиумски покриена од голем број на локални и национални телевизии, како и интернет портали. | |
| **2.4. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| **1** | Јули - Септември 2015 | Ажурирање и дополнување на податоци на чинителите на угостителско-туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско - туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Јули - Септември 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Нема потрошени финансиски средства |
| **3** | Јули - Септември 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции | Нема потрошени финансиски средства |
| **4** | Јули - Септември 2015 | Евиденција регистрација и контрола на податоци од општинскиот инспекторат | Редовно ажурирање на податоци за наплата на туристичка такса за привремен престој, како и податоци за ноќевања на домашни и странски посетители | Во соработка со општинскиот инспекторат кој врши контрола на наплата на ТПП беа воведени контроли за нелегални станоиздавачи и туристички водичи | Нема потрошени финансиски средства |
| **5** | Јули - Септември 2015 | Туристички инфо центар | Во функција ставен туристичкиот инормативен центар на влезот од Охрид | Давање на информации на посетителите – туристите кои доаѓаат во Охрид | Не се потрошени средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6** | Јули - Септември 2015 | Туристичка контрола врз приватните станоиздавачи кои незаконски издаваат соби | Формирани тимови од вработени во Секторот за ТЛЕР кои секојдневно вршеа контрола на приватните станоиздавачи во две смени | Сузбивање на нелојалната конкуренција, намален број на физички лица кои незаконски ја вршеа дејноста | Не се потрошени средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |
| **7** | Јули - Септември 2015 | Поставување на Туристичка берза на локацијата автобуска станица за регистрираните приватни станоиздавачи | На автобуската станица е поставена туристичка берза – штанд за регистрираните станоиздавачи | Организирано нудење на сместувачките капацитети, сузбивање на нелојалната конкуренција и надминување на проблемите со дивите станоиздавачи и чекачи на гости | Не се потрошени средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.07.2015 до 30.09.2015** година е следна :

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец септември)**

| | ВКУПНО | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 211584 | 105208 | 316792 |
| **2** | **Февруари** | 213600 | 47200 | 260800 |
| **3** | **Март** | 187944 | 38088 | 226032 |
| **4** | **Април** | 187016 | 6976 | 193992 |
| **5** | **Мај** | 528784 | 65840 | 594624 |
| **6** | **Јуни** | 1705912 | 110344 | 1816256 |
| **7** | **Јули** | 1421348 | 335000 | 1756348 |
| **8** | **Август** | 2048416 | 473432 | 2521848 |
| **9** | **Септември** | 3335560 | 574852 | 3910412 |
| **10** | **Октомври** | | | |
| **11** | **Ноември** | | | |
| **12** | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО** | 9840164 | 1756940 | 11597104 |

**Во периодот од 01.01.2015 до 30.09.2015 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 11.597.104,00 денари.**

**Споредба Јануари - Септември**

**За споредба, во 2014 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 10.549.822,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2015 година е зголемена за 10 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2014 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.)**

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Месец** | **Дом. Ноќевања** | | **Однос %** | **Стр. Ноќевања** | | **Однос%** | **Вкупно Ноќевања** | | **Однос %** |
| | | **2014** | **2015** | **2015/14** | **2014** | **2015** | **2015/14** | **2014** | **2015** | **2015/14** |
| 1 | јануари | 2817 | 1780 | 63,2 | 3257 | 3671 | 112,7 | 6074 | 5451 | 89,7 |
| 2 | февруари | 3177 | 2377 | 74,8 | 2186 | 3195 | 146,1 | 5363 | 5572 | 103,9 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | март | 2329 | 3030 | 130,1 | 6171 | 6329 | 102,6 | 8500 | 9359 | 110,1 |
| 4 | април | 6074 | 5588 | 92,0 | 12095 | 14915 | 123,3 | 18169 | 20503 | 112,8 |
| 5 | мај | 15982 | 13448 | 84,1 | 38258 | 40315 | 105,4 | 54240 | 53763 | 99,1 |
| 6 | јуни | 15686 | 17996 | 114.7 | 42294 | 47349 | 112.0 | 57980 | 65345 | 112.7 |
| 7 | јули | 36150 | 29843 | 82.6 | 55148 | 59157 | 107.3 | 91298 | 89000 | 97.5 |
| 8 | август | 35448 | 40219 | 113.5 | 62532 | 72036 | 115.2 | 97980 | 112255 | 114.6 |
| 9 | септември | | | | | | | | | |
| 10 | октомври | | | | | | | | | |
| 11 | ноември | | | | | | | | | |
| 12 | декември | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | 117663 | 114281 | 97.1 | 221941 | 247167 | 111.4 | 339604 | 361448 | 106.4 |

**Согласно податоците од Општинскиот инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2015 година (Јануари - Август ) во однос на 2014 година (Јануари - Август), е зголемен за 6,4 % и тоа : кај домашните ноќевања има намалување за 2,9 % , а за странските има зголемување за 11,4 %.**

**Број 08-15684/3-1**
**13.11.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година.

**Број 09-15684/4**
**13.11.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15684/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.11.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**Трет квартален извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.07.2015 – 30.09.2015 год.**

Во текот на третиот квартал на деловната 2015 година одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2015 година.
Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната Програма за 2015 се реализираат во следните Подпрограми или области на делување:

1.1 Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата.
1.2 Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.
1.3 Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој.
1.4 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти.
1.5 Оперативни расходи и договорни услуги.
1.6 Стручно усовршување и подигање на капацитетите на вработените во Секторот за туризам и ЛЕР.

**Посебен акцент во периодот на третиот квартал од 2015 година во работењето на одделението за локален економски развој беше даден на следните активности:**

- Имплементација на одобрените проекти по извршена евалуација според однапред одредени критериуми, поднесени од страна на урбани и месни заедници, како и невладини организации според објавениот повик за финансирање на микропроекти.
- Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција.
- Европска соработка во рамките на Меѓународната Асоцијација посветена на европската мисија и делото на Св. Кирил и Методиј.

- Проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција.
- Промовирани индустриски капацитети на претставници на странски делегации.
- Комуникација и соработка со Министерството за Надворешни Работи на Република Македонија и Амбасадорот на РМ во Токио- Јапонија.
- Европска соработка, европска мрежа на партнерства- Network EU Lakes – Подготовка на предлог проект.
- Комуникација и соработка со Министерството за Надворешни Работи на Република Македонија и Амбасадорот на РМ во Норвешка.
- Продолжување на Европскиот партнерски музички проект "100 Teens Orhestra" - Проектот треба да продолжи со активности и концерт во Охрид (Август 2016).
- Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на Општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk.
- Доделување на бесплатни курсеви за 20 невработени лица.
- Аплициран и одобрен проект до Австралиска Амбасада со назив „Охрид без бариери за лицата со интелектуална попреченост“.
- Аплициран и одобрен проект до Германска Амбасада во Скопје.
- Проект за Норвешка Амбасада за достигнување на енергетска ефикасност за објектот на ЈОУДГ централна градска градинка.
- МСИП Светска банка – Проект за подобрување на општински услуги.
- Аплициран и одобрен проектот „Отворање на нова дисперзирана градинка во с.Пештани” со финансиска поддршка од Генералниот конзулат на Р.Бугарија во Р.Македонија.
- Аплициран и одобрен проект „Одржливи Вработувања IV“ од програмата општинско корисна работа на УНДП.

Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

## АНЕКС 1

### 1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.07.2015 – 30.09.2015 год.

**1.1 Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1.1, Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014
1.1.2. Имплементација на активности од Подстратегија за рурален развој 2014 година

**1.2 Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.**

1.2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интензивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид
1.2.3. Меѓународни партнерства
1.2.6 Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд

**1.3 Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој.**

1.3.4.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците

**1.4 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти.**

1.4.1. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Zедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции. Исто така во оваа програмска активност предвидено е сопствено учество во проекти за стратешко планирање на регионална соработка во пограничниот регион на Преспа-Охрид-Корча, како и подготовка и имплементација на програми и проекти за реагионална соработка и поттикнување на економската соработка со акцент на руралните средини во пограничната област.

**1.5 Оперативни расходи и договорни услуги.**

**1.6 Стручно усовршување и подигнување на капацитетите на вработените во Секторот за туризам и ЛЕР.**

**1.1 Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2015 | Имплементација на одобрените проекти по извршена евалуација според однапред одредени критериуми, поднесени од страна на урбани и месни заедници, како и невладини организации според објавениот повик за финансирање на микропроекти. | Целокупната постапка започна со подготвување на јавниот повик за поднесување на проектни апликации, избор на Комисија за евалуација на поднесени апликации, како и критериуми врз основа на кои се врши избор. | По завршената процедура за преглед на поднесената проектна документација во однос на подобност спрема условите кои се дадени во повикот за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници, одбрани беа 5 проектни апликации кои беа соодветни со критериумите на повикот и приоритетите одредени во стратегијата за поттикнување на локалниот економски развој и подстратегијата за рурален развој од кои еден е реализиран каде се изградени бетонски трибини на локалното игралиште, еден е во фаза на ипмлементација а за останатите три е потпишан договор и сите треба да се имплементираат заклучно со 31.12.2015. | Исплатен реализиран проект „Изградба на трибини на игралиште во с. Подмоље“ кон имплементаторите Здружение за екологија и развој“ и локалната месна заедница. Износ на исплата 99,430,00 ден. |

**1.2. Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатијата**

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.3. Меѓународни партнерства** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2015 | Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција. | Носител на проектот е општина Охрид во соработка и партнерство со општина Каен, Долна Нормандија и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.<br>Со изработка на планот за интегрирана заштита на Старото градско јадро ќе се овозможи мапирање и утврдување на валоризирани и ревалоризирани објекти на недвижно културно наследство, мапирање и утврдување на состојбата на одделни делови или градби во состав на споменична целина, развој на локални планови за планирање на урбаниот развој, промовирање на потенцијалот за развој на културниот туризам, како и зголемување на значењето на јавната свест за културното наследство на Охрид. | Имплементацијата на проектот ќе доведе до изработка на План за интегрирана заштита на старото градско јадро на Охрид и Маркетинг Стратегија за достигнување на одржливост на старото градско јадро на Охрид.<br>Дополнително, изработката на Планот ќе овозможи и исполнување на обврската согласно Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство наведена во член 10 став 4 од Законот кој налага изработка на ваков План.<br><br>Избрана е консултантска куќа која започна со изготвување на планот за заштита на старото градско јадро на Охрид како и маркетинг стратегија за промоција на истото во согласност со буџетот на проектот и временскта рамка на проектните активности. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението и пристигнати се дел од средствата во износ од 300.000 мкд. за започнување со реализацијата на проектните активности, а другата половина во ист износ се очекува да пристигне по реализација на активностите за избор на консултантска куќа, откако претходно ќе биде доставен извештај за реализација на веќе пристигнатите средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Одржан е втор состанок со членовите на координативното тело со цел запознавање на членовите со избраната консултантска куќа во насока на доставување на потребните информации за реализација на изработка на план за заштита на старото градско јадро и изработка на маркетинг стратегија за истото. | |
| **2.** | Јули - Септември 2015 | Европска соработка во рамките на Меѓународната Асоцијација посветена на европската мисија и делото на Св. Кирил и Методиј. | Соработка со Меѓународната Асоцијација “European Cultural Route of Saints Cyril and Methodius” и комуникација во врска со добиената Покана за учество на Втората седница на Генералното Собрание на Асоцијацијата со седиште во Чешка (Моравија) и Годишната Конференција на Ацоцијацијата. | Подготовени се Амандманите од Општина Охрид за Статутот на Асоцијацијата, сугестии, забелешки за останатите Документи за Состанокот на Генералното Собрание и Годишната Конференција на Меѓународната Асоцијација European Cultural Route of Saints Cyril and Methodius. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **3.** | Јули - Септември 2015 | Проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | Носител на проектот од Македонска страна е општина Охрид во партнерство со Факултетот за туризам и угостителство од Охрид и има за цел изведба на пешачка патека од 200 метри во склоп на постоечката патека која започнува после мостот од „Билјанини Извори“, изградба на модердн туристичко информативен центар и други промотивни активности, а во делот на ФТУ Охрид е планирана изведба на ботаничка градина во рамки на факултетот. | Проектот е во фаза на имплементација, отпочната е подготовка на тендерската документација за избор на изведувач на градежните работи во проектот како и објавен повик за ангажман на проектен персонал кој е предвиден во проектот и успешно спроведена процедура за избор на проектен менаџер и финансиски службеник. | Вкупниот износ на одобрени средства за реализација на овој проект е 210.000 еур. и 75% од вкупниот износ се префрлени на посебната сметка на буџет на донации. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Јули - Септември 2015 | Промовирани инвестициски капацитети во делот на туризмот и индустриски капацитети на претставници на странски делегации | Вработени во одделението за локален економски развој во текот на третиот квартал на 2015 година одржаа бројни работни состаноци со инвеститори од Турција, Русија, Шпанија и Полска со цел претставување на можностите за инвестирање во хотелски и индустриски капацитети кои се предложени од страна на општина Охрид како потенцијални локации погодни за инвестирање. За поуспешна реализација на наведените цели се користи брошурата Инвестирајте во Охрид во која се содржани основни информации за локациите кои се предмет на промоција. | Промоција на капацитетите кои ги нуди Општина Охрид пред заинтересираните инвеститори од земјата и странство. Континуирана комуникација со заинтересирани инвеститори со цел доставување на дополнителни информации.<br>Исто така одржуваме постојана комуникација со министрите без ресор како и со агенција за странски инвестиции кои понатаму ги проследуваат информациите до економските промотори на РМ во странство, како и директно до потенцијалните инвеститори.<br>Воедно Секторот за туризам и ЛЕР при општина Охрид во насока на обезбедување полесен пристап до информации на потенцијалните инвеститори на територијата на општина Охрид, објави јавен повик за доставување податоци за закуп или продажба на постојни хали и индустриски капацитети за инвестициски капацитети во приватана сопственост.<br>Учество во формирање на база на податоци за веб платформа во соработка со Министерство за транспорт и врски за локации поволни за странски инвестиции | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | во приватна и државна сопственост за нивно јавно презентирање во странство. | |
| **6.** | Јули - Септември 2015 | Комуникација и соработка со Министерството за Надворешни Работи на Република Македонија и Амбасадорот на РМ во Токио- Јапонија | Започнување на процесот за соработка помеѓу Охрид и Јапонија во врска со иницијативата за соработка помеѓу Езерото Бива од Јапонија и Охридското Езеро. | Започната е подготвителната фаза од соработката помеѓу Амбасадата на РМ во Јапонија, Музејот и научно истражувачкиот центар од Езерото Бива, Општина Охрид и Хидробиолошки Институт од Охрид. Се разгледува Меморандумот за соработка помеѓу Охрид и Јапонија и се подготвува првата подготвителна работна посета на експертите од научно-истражувачкиот тим од езерото Бива на Охрид. | Соработката ја координира Одд. за ЛЕР, без притоа да се потрошат финасиски средства. |
| **7.** | Јули -2015 | Европска соработка, европска мрежа на партнерства- Network EU Lakes – Подготовка на Предлог проект | Заедничко аплицирање на нов европски партнерски предлог проект од Програмата на Европската Унија **Erasmus** + Collaborative partnerships; (спортови на вода). Проектот опфаќа партнери од Европската мрежа на езера од Италија, Охрид- Македонија, Блед-Словенија, Шпанија и Финска. Подготовка на предлог проектни активности за Охрид во соработка со Федерацијата на РМ за едриличарство и Клубот од Охрид за спортови на вода. | Предлог проектот е подготвен и аплициран навремено во координација со европските партнери од Европската мрежа на Езера и Општина Исео од Италија. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **8.** | Јули - Септември 2015 | Комуникација и соработка со Министерството за Надворешни Работи на | Иницијатива за соработка помеѓу Општина Охрид и Општина Хамерфест од Норвешка. | Започната е подготвителната фаза за соработка со вклученост на Амбасадата на РМ во Норвешка и Општина Охрид. | Соработката ја координира Одд. за ЛЕР, без притоа да се потрошат финасиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Република Македонија и Амбасадорот на РМ во Норвешка | | | |
| **9.** | Јули - Септември 2015 | Продолжување на Европскиот партнерски музички проект "100 Teens Orhestra" - | Европскиот музички проект Оркестар на 100 млади музичари од различни европски држави продолжува со своите активности. | Предвидено е Охрид да добие организација на Европски музички камп како и обезбеден термин за Концерт во рамките на Фестивалот Охридско Лето 2016. | Одделението за ЛЕР, активностите од проектот ги реализира во работното време без притоа да се потрошат финасиски средства на Општина Охрид. Средства за европскиот музички камп би се обезбедиле од Проектот, додека Концертот би се одржал во соработка со Фестивалот “Охридско Лето” |
| **10.** | Јули - Септември 2015 | Комуникација и соработка со Општина Блед од Словенија и Општина Суботица од Србија | Заедничка соработка и заедничко аплицирање со предлог проект на европски програми. | Одржана е работна средба во Охрид со Заменик Градоначалникот од Општина Блед, остварена е блиска комуникација и соработка со Општина Суботица. Подготвен и аплициран е во предвидениот рок партнерски предлог проект од Програмата Europe for citizens. Водечки партнер е Општина Суботица. Општина Охрид е проектен партнер. | Соработката со Европската мрежа на езера, Одд.за ЛЕР ја реализира преку работна средба со преставник на Општина Блед во Охрид и ја приклучи Општина Охрид во аплицирањето со заеднички европски партнерски предлог проект, без притоа да се потрошат финасиски средства. |

**1.2.6. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јули - Септември 2015 | Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на Општина Охрид преку одржување | Преку посебен линк на веб порталот на Општина Охрид, се поставуваат сите тековни огласи за вработување на територијата на Општина Охрид, со што се овозможува полесен пристап на сите | Податоците се ажурираат еднаш неделно. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на веб портал на страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk. | заинтересирани невработени лица до информации за слободни места за вработување. | | |
| **2.** | Јули - Септември 2015 | Доделување на бесплатни курсеви за 20 невработени лица, | Со цел стимулирање на социјалната интеграција и побрзо вклучување на пазарот на трудот, општина Охрид доделува бесплатни курсеви за 20 невработени лица од Охрид за заварувачи, готвачи и машинисти- фини подесувачи на машини | Согласно годишната програма на одделението за локален економски развој за 2015 година во која се предвидени “Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд” распишан е конкурс за спроведување на бесплатни курсеви за 20 невработени лица од следниве стручни профили: заварувачи, готвачи, шивачи и машинисти-фини подесувачи на машини.Со курсевите ќе бидат опфатени по 5 лица од секоја од наведените стручни профили. На огласот се пријавени 7 лица а останатите ќе бидат обезбедени од страна на Работничкиот универзитет. | Не се потрошени буџетски средства. Реализацијата на предвидените 128.000 ден ќе се изврши по завршувањето на обуките. |

**1.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој**

| 65 | Поправка и одржување на урбана опрема<br>• подлоги за туш кабини кај Сараиште | **500.000** | | | 5.099 | 1% |
| 66 | Изградба и опремување на автобуски постојки | **1.500.000** | | | | |
| 67 | Набавка и монтажа на клупи | **1.500.000** | | | | |
| 68 | Набавка и монтажа на кошнички за отпадоци | **300.000** | | | | |
| 69 | Набавка и поставување на жардињери за цвеќе | **100.000** | | | | |
| 70 | Набавка и поставување на пепелници | **200.000** | | | | |
| | | | | | | |

## ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Извршено 01.07.2015 30.09.2015 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 71 | Партерно уредување на коритото на ре Грашница од Б.Тур. до Железничка и коритото на реката на ул.Аџи Мустафа до раскрсница со Б.Туристичка | **3.000.000** | | | | |
| 72 | Партерно уредување на голем плоштад | **500.000** | | | | |
| 73 | Изградба на мал плоштад Горна Порта | **500.000** | | | | |
| 74 | Изградба на плоштад Мини Маркет<br>• Изработка на парк Мини Маркет (тампонски дел)<br>• Фонтана Мини Маркет ( бетонски дел)<br>• Изведба на парк опфат Мини Маркет | **1.500.000** | Во тек на изградба | 586.000<br>409.519<br>488.129 | | 98,9 % |
| 75 | Изградба на мал плоштад на ул.„Даме Груев“ Карабегомала | **500.000** | | | | |
| 75 а | Реконструкција на шеталиште – Кеј Македонија ( крајбрежен појас – дел) | **36.000.000** | | | | |
| 75 б | Реконструкција на шеталиште потег Билјанини Извори- мост Студенчишта (покрај каналот – дел) | **15.000.000** | | | | |
| 75 в | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | **1.578.000** | | | | |

******Средствата за точките 75 а и 75 б, ќе бидат издвоени од Буџетот на Општина Охрид за 2016 година***

## ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ И ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | Извршено 01.04.2015 30.06.2015 | Извршено 01.07.2015 30.09.2015 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 76 | Реконструкција на спортско игралиште с.Лескоец | **1.500.000** | | | | |
| 77 | Изградба на детско игралиште УЗ Кошишта | **500.000** | | | | |
| 7 | Изградба на детско | **500.000** | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | игралиште с.Косел | | | | | |
| 79 | Реконструкција на детско игралиште УЗ Видовишта | **500.000** | | | | |
| 80 | Изградба на детско игралиште с.Велгошти | **500.000** | | | | |
| 81 | Изградба на детско игралиште с.Подмоље | **500.000** | | 182.835 | | 36,6 % |
| 82 | Изградба на детско игралиште с.Трпејца | **500.000** | | 425.012 | | 85 % |
| 83 | Изградба на детско игралиште с.Г.Лакочереј | **500.000** | | | | |
| 84 | Изградба на детско игралиште во УЗ Гоце Делчев | **500.000** | | | | |
| 85 | Изградба на детско игралиште во рамките на училиштето Братство | **500.000** | | | | |
| 86 | Изградба на детско игралиште ул.Ванчо Питошески | **500.000** | | | | |
| 87 | Изградба на детско игралиште во рамките на училиштето Св.Климент | **500.000** | | | | |
| 88 | Изградба на детско игралиште во рамките на училиштето во с.Елшани | **500.000** | | | | |
| 89 | Изградба на детско игралиште н.Св.Стефан | **500.000** | | | | |
| 90 | Изградба на игралиште на потегот кон црквата с. Коњско | **500.000** | | | | |
| 91 | Уредување и одржавање на детски игралишта<br>• изведба и уредување на детско игралиште нас. Лескајца<br>• изград | **2.000.000** | 408.009 | 440.772<br><br>168.309 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ба на игралиште за одбојка на песок во населба Воска • Оградување на спортско игралиште во с.Трпејца | | | | 103.577 | 56 % |

**ИСПЛАТА НА ТРОШОЦИ ОД ПРЕТХОДНИ ГОДИНИ**

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Извршено 01.07.2015 30.09.2015** | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Плаќање по судски решенија** | **16.000.000** | | | | |
| | **Надоместок за одземен имот** | **5.000.000** | | | | |

***Од причина што се работи за развојна програма за период 2015-2017 година тековната 2015 година издвоени се сретства***

| | ОПИС | Предвидено | Извршено 01.01.2015 31.03.2015 | **Извршено 01.04.2015 30.06.2015** | **Извршено 01.07.2015 30.09.2015** | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2015 година ќе се издвојат средства ВКУПНО** | **82.178.000** | **3.210.561** | **7.698.201** | **1.779.878** | **15 %** |

Од вкупно предвидените средства **82.178.000** денари, за реализација на ***Програмата ФА – Уредување на градежно земјиште*** потрошени се вкупно **58.960.700** денари.

Од вкупно потрошените средства **12.688.640** денари се потрошени за реализирани активности.

Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција- износот од **46.272.060** денари се стари долгови од претходните години.

Во периодот од 01.01.2015 до 30.09.2015 година -процентот на реализација на оваа **Програма ФА** ( ***Уредување на градежно земјиште)*** изнесува 71 , 75 %.

| Предвидени сресства ***Програмата ФА – Уредување на градежно земјиште 2015*** | Вкупно потрошени сресства | Процент % |
|---|---|---|
| **82.178.000** | **58.960.700** | **71,75 %** |

**Број08-15684/16-1**
**13.11.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година.

**Број 09-15684/17**
**13.11.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15684/17**
**13.11.2015год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2015 до 30.09.2015 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Буџетскиот процес како еден од најважните сегменти во локалната самоуправа опфаќа низа правила и активности кои овозможуваат локалната самоуправа да подготви, усвои и пристапи кон извршување на еден квалитетен буџет. Со воспоставување на буџетскиот процес се дефинираат и изготвуваат низа акти и одлуки кои го детерминираат буџетскиот план и врз база на кои подоцна се врши распределување и дистрибуција на буџетските средства. Буџетскиот процес е еден од најважните не само за администрацијата и општината како институција туку и за сите граѓани на таа општина поради единствениот факт што во тој процес се донесуваат одлуки за начинот на прибирање и трошење на средствата од граѓаните, а од правилноста на тој процес ќе зависи квалитетот во задоволувањето на потребите и барањата на граѓаните на една локална самоуправа, нивно унапредување или назадување. Реално утврдување на приходите и расходите на општината е клучен сегмент за остварувањето на целите на ЕЛС од аспект на задоволување на севкупните потреби на граѓаните, успешно функционирање на општинската администрација и правилно планирање на програмите и активностите.

Ингеренциите кои ги доби локалната самоуправа со процесот на децентрализација дополнително ја потенцира ваквата потреба и важноста на овие процеси кои би овозможиле локалната самопурава со еден квалитетен буџетски процес квалитетно да одговори во решавањето на инфраструктурните проблеми на граѓаните како и целокупно менаџирање на обврските во оние области во кои има надлежност локалната самоуправа, образованието и детската заштита на локално ниво.

Поради сето претходно изнесено, квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за навремено извршување на зацртаните програми и активности. Процесот на буџетирање на локалната самоуправа како сложен процес е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани и зависни активности. Овој процес како таков започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува само за една тековна буџетска година. Програмското планирање е основа на процесот на буџетирање во локалната самоуправа, односно овој процес опфаќа буџетирање врз база на одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Програмите кои се однесуваат на капитално инвестирање уште се нарекуваат и развојни програми и тие се донесуваат на подолг временски период, односно неколку буџетски години, што од своја страна бара координираност на сите инстанци во локалната самоуправа. Ваквите активности треба да овозможат навремена реализација на проектите по години, да дадат детална финансиска конструкција за изведување на тие проекти, како и да ја отсликаат реалноста и потребата односно оправданоста од таков проект. Во поглед на програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели.

Квалитетот на извршување на обврските на ЕЛС, во однос на решавање на потребите и проблемите на граѓаните, безусловно бара ефикасно буџетирање, односно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства за реализација на низа активности во надлежност на општината. Сето погоре кажано неопходно бара изготвување на транспарентен буџет со кој ќе бидат опфатени неопходните барања на граѓаните притоа не запоставувајќи ја развојната компонента на општината од една страна, а од друга страна, изготвување на буџет кој на оптимален начин ќе ги опфати сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа, а се утврдени со ЗФЕЛС. Прибирањето на средствата е неопходен услов за реализација на сите активности утврдени со законската регулатива, а кои се во надлежност на општината. Буџетот на општината се состои од годишна проценка на приходите и расходите по намени и активности. За правилна проценка на приходите и расходите, потребно е реално согледување и утврдување на севкупните

мерливи параметри значајни за изготвување на буџетот. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи, потребно е да се запази процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите, притоа во голема мерка да се води сметка како за реалните потреби на граѓаните, од една страна, така и за реалните можности и капацитети на општината, од друга страна. Процесот на буџетирање како една од најзначајните активности во локалната самоуправа неминовно бара вклученост на сите граѓани, здруженија и администрација со целосен сериозен пристап кон изготвување на буџетот, како годишен развоен документ на општината.

Незамисливо е нормално функционирање на општината и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено и точно донесување како и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање е перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се до негова конечна реализација до крајот на буџетската година.

Согласно постапките во буџетскиот процес, како и активностите по буџетскиот календар, усвоен од Советот на општината, администрацијата во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво, ДДВ, блок дотациите и наменските дотации ја дефинираат вкупната маса на средства на општината кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, потреби, активности и надлежности во буџетската година. Во проектирањето на трошоците, односно изготвувањето на расходниот дел, посебно се води сметка за укажувањата и потребите на граѓаните во процесот на решавање на инфраструктурните проблеми, се земаат во предвид предлозите и барањата на месните односно урбаните заедници, плановите на буџетските корисници и тоа сето преку извршени анализи на стручните служби на општината, имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите ги дефинираат приходите кои ги остваруваат општините и ги опфаќаат следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состои буџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии. Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;

- приходи и расходи за развојните програми.

Песебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми. Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии.

Согласно законските прописи, пишаните процедури и напатствија од МФ, општина Охрид на седница одржана на ден 30.12.2014 година со Одлука бр.07-4189/29 го утврди буџетот на општината за 2015 година на износ од 913.900.000,оо денари. Со Одлука бр.08-3526/29 од 13.03.2015 за измена на распоредот на средствата во буџетот на општината за 2015 година беше извршена прераспределба на средства во програмата А0- Совет на општина и програма Е0- Општинска администрација во делот од персоналниот данок на надоместоци согласно измените во законот за исплата на придонеси на надоместоци и хонорари, но нивото на буџетот остана на претходно утврдениот износ. Со Одлука за изменување и дополнување на буџетот на единицата на локалната самоуправа општина Охрид бр. 08-6405/15 од 12.05.2015 год. нивото на буџетот на општина Охрид за 2015 година, беше утврдено на 958.000.00,оо денари. Согласно очекуваните приливи и активностите кои се во тек со Одлука за изменување и дополнување на буџетот на единицата на локалната самоуправа Оптшина Охрид бр.08-11715/55 од 26.08.2015 год. се изврши корекција како во приходната страна така и на расходната страна на буџетот на општина Охрид, при што на нивото на буџетот на општина Охрид беше утврдено на износ од 1.024.908.000,оо ден.

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од буџетот во висина од 494.160.153,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 494.160.153,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи -------------------------------------- 356.300.236,оо
- Неданочни приходи ---------------------------------- 17.300.000,оо
- Капитални приходи ---------------------------------- 67.200.000,оо
- Трансфери и донации ------------------------------- 53.359.917,оо

Трансферите од државниот буџет по основ блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 367.196.402,оо денари од вкупно утврдениот буџет.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 20.835.000,оо денари.

Приходите по основ донации за проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни меѓународни институции, во буџетската 2015 година се планирани на износ од 15.662.721,оо денари. Реализацијата на овие проекти согласно постојната евиденција и активностите кои се изведуваат на терен во најголем дел е завршена или е во тек, за што подетални информации може да се добијат од соодветните одделениа односно сектори.

Со оглед на фактот дека во буџетот на општина Охрид се предвидени и средства по основ задолжување износ од 127.053.724,оо денари кои општината ги има обезбедено преку Министерството за финансии за средства од Светска банка треба да се потенцира дека активностите на терен се одвиваат интензивно при што треба да се истакне дека повеќето проекти се веќе во фаза на реализација за што подетални информации може да се добијат од соодветниот сектор и квраталните извештаи за пооделните буџетски - инвестициони програми.

Според извршената анализа и податоците со кои располага сметководството, општина Охрид заклучно со третиот квартал остварила вкупен приход од 660.736.094,оо денари или процентуално изразено 64,47 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи вклучително и наведеното задолжување кое е во фаза на реализација и во вкупно остварените приходи за опфатениот период учествува со 6,89 %.

Доколку се анализира остварениот приход од изворните приходи- основниот буџет кој е во директна зависност од способноста и ангажираноста на стручните служби во постапката на прибирање на овие приходи, износот од 347.055.821,оо денари покажува остварување од 70,23 % од што може да се констатира дека општина Охрид и покрај зголемувањето на нивото на буџетот со претходниот ребаланс има солидно остварување на истиот и се движи во рамките на очекувањата. Со оглед на периодот кој следи, завршување на календарската, односно буџетската година за очекување е поголемо остварување на планираните приходи и повисок степен на остварување на буџетот во делот од изворните приходи, односно во делот од основниот буџет. Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи позначајно отстапување во остварувањето на приходите во делот од кредитното задолжување. Во останатите групи на приходи проектирани со буџетот на општина Охрид доколку се задржи сегашниот тренд на остварување на овие приходи согласно законските рамки кои го дефинираат степенот на отстапување во остварувањето, оваа буџетска година ќе заврши со висок процент и задоволително ниво на остварување на проектираните приходи. Во делот од буџетот кој се однесува на кредитното задолжување, согласно информацииите со кои располага стручната служба најголем дел од предвидените проекти се во завршна фаза на реализација или се веќе реализирани, но со оглед на фактот дека се работи за обемна процедура и обемна документација која ја следи процес на контрола и одобрување од повеќе вклучени страни во процесот, неизвесно е дали сета таа документација ќе предизвика финансиски трансакции и во кој обем во оваа буџетска година. Доколку истите не предизвикаат одреден прилив и одлив на средства по овој основ во тековната буџетска година и во овој дел неопходно ќе биде ревидирање на буџетот како во приходната така и во расходната страна.

Претходно изнесеното, со исклучок на приходите од категоријата на задолжувањето недвосмилено укажува на добар тренд во прибирање на приходите што пак од друга страна дава простор за реализација на планираните активности по програми во високо приоритетни области за граѓаните.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2015** | **Остварено во трет квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **367.196.402** | **275.067.042** | **74,91** |
| **Самофинансирачки приходи** | **20.835.000** | **15.063.818** | **72,30** |
| **Даночни приходи** | **356.300.236** | **224.314.124** | **62,9** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 6 |
| **Неданочни приходи** | **17.300.000** | **11.863.567** | **68,57** |
| **Капитални приходи** | **67.200.000** | **63.350.237** | **94,27** |
| **Приходи од донации** | **15.662.721** | **14.795.146** | **94,46** |
| **Трансфери и донации** | **53.359.917** | **47.527.893** | **89,07** |
| **Кредити** | **127.053.724** | **8.754.267** | **6,89** |
| ***Вкупно*** | ***1.024.908.000*** | ***660.736.094*** | ***64,47*** |

Податоците дадени во табела укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на пооделните групи прходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што во поголема мера отстапуваат од планираното со буџетот за 2015 година. Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции и тековното ниво на остварување а имајќи ја во вид и природата на овие приходи за очекување е до крајот на годината во целост да бидат реализирани. Графички приказ на проектираните и остварените приходи пооделно по категории приходи следи:

***Графикон бр.1***






***Графикон бр.2***

***Напомена:*** Прикажаното остварување во графиконот бр.2 се однесува на процентуално учество на поединечните приходи во однос на вкупно остварени приходи а не во однос на планираните приходи во буџетот, поради што се појавува разлика во процентите помеѓу табеларниот и графичкиот приказ.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници и согласно тековната ситуација очигледно е дека овој тип на приходи се движи во рамките на идеалните проценти на остварување за дадениот временски период опфатен со овој извештај.

Превземање на мерки за подобрување во прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би довело до остварување на буџетот во планираните рамки а во оние сегменти кои претходно ги споменавме би се пристапило кон ревидирање на предвидените приходи и расходи и нивно ребалансирање, согласно позитивните законски прописи.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2014 година.

| Вид на приход | Проектирано за 2014 | Остварено во трет квартал | % |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **358.839.000** | **264.655.487** | **73,75** |
| **Самофинансирачки приходи** | **25.000.000** | **16.158.194** | **64,63** |
| **Даночни приходи** | **348.688.809** | **184.982.282** | **53,05** |
| **Неданочни приходи** | **12.700.000** | **11.471.552** | **90,33** |
| **Капитални приходи** | **18.600.000** | **9.410.114** | **50,59** |
| **Приходи од донации** | **1.456.411** | **1.516.411** | **104,12** |
| **Трансфери и донации** | **76.472.191** | **36.092.722** | **47,20** |
| **Кредити** | **120.000.000** | / | / |
| ***Вкупно*** | ***961.756.411*** | ***524.286.762*** | ***54,51*** |

Споредбено 2015 год. во однос на 2014 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:
- остварување во 2015 год. 347.055.821,оо денари
- остварување во 2014 год. 241.956.670,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2015 год. е за 43,43 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2014 година.

Споредбено 2015 год. во однос на 2014 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:
- остварување во 2015 год. 660.736.094,оо денари
- остварување во 2014 год. 524.286.762,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2015 год. е за 26,02 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2014 година.




Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта согласно напатствијата од МФ на РМ, се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.09.2015 година. Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени во кварталниот извештај – образец К1 каде може да се согледаат планираните износи како и нивното остварување заклучно со овој квартал.

**Расходи**

Остварувањето на буџетот во приходниот дел, односно од висината и динамиката на остварувањето на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето поодделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата поодделно по програми заклучно со 30.09.2015 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно

остварените приходи (буџетски средства- основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | Program | Planirano | Ostvareno | % |
|---|---|---|---|---|
| Ao | Sovet na op{tina | 16,190,000 | 11,289,716 | 69.73 |
| Do | Gradona~alnik | 4,065,000 | 3,098,359 | 76.22 |
| Eo | Op{tinska administracija | 136,398,978 | 88,860,262 | 65.15 |
| F1 | Urbanisti~k planirawe | 4,000,000 | 3,234,138 | 80.85 |
| FA | Ureduvawe na grade`no zemji{te | 82,178,000 | 58,960,700 | 71.75 |
| G1 | Podr{ka na LER | 2,212,275 | 396,094 | 17.90 |
| G2 | Pott.na razvojot na turizmot | 12,200,000 | 3,401,658 | 27.88 |
| GD | Proekti za energetska efikasnost | 500,000 | / | / |
| J3 | Javno osvetluvawe | 46,000,000 | 34,769,331 | 75.59 |
| J4 | Javna ~istota | 13,000,000 | 12,905,791 | 99.28 |
| J6 | Oddr`uvawe i za{t.na pat.i ulici | 3,000,000 | 2,015,606 | 67.19 |
| J7 | Oddr`.i korist.na park.i zelenilo | 8,100,000 | 4,763,429 | 58.81 |
| J8 | Drugi komunalni uslugi | 4,520,000 | 2,856,935 | 63.21 |
| JD | Izgr.i rekons.na pati{ta i ulici | 33,700,000 | 27,414,024 | 81.35 |
| JF | Izgrad.na soobr.signalizacija | 4,800,000 | 2,981,521 | 62.12 |
| JG | Izgrad.na sistemi za vodosnabduv. | 16,600,000 | 11,502,252 | 69.29 |
| JI | Sist.za odved.i pre~.otpad.vodi | 14,000,000 | 11,337,347 | 80.98 |
| K4 | Kult.manifestacii i tvore{tvo | 5,116,000 | 2,765,395 | 54.05 |
| Lo | Sport i rekreacija | 19,233,000 | 9,716,401 | 50.52 |
| N1 | Osnovno obrazovanie | 32,924,400 | 26,170,692 | 79.49 |
| N2 | Sredno obrazovanie | 11,056,000 | 7,723,719 | 69.86 |
| R1 | Za{tita na `ivotna sredina | 1,000,000 | 205,020 | 20.50 |
| V1 | Detski gradinki | 6,400,500 | 4,678,793 | 73.10 |
| Wo | Protivpo`arna za{tita | 16,966,000 | 9,799,683 | 57.76 |
| | **Vkupno** | **494,160,153** | **340,846,866** | **68.97** |

Податоците во табелата укажуваат на одредени остапувања во реализацијата на програмите но со активностите кои се во тек, согласно планираните програми за очекување е до крајот на буџетската година реализацијата на сите програми да биде на задоволително ниво, односно остварувањето да биде во рамките на планираните износи. Имајќи во предвид дека голем број проекти се во фаза на реализација за очекување е во претстојниот период да биде доставена финансиска документација која

ќе предизвика зголемување на степенот на остварување одделно по активности и програми а сето тоа ќе влијаат на вкупниот степен на нивна реализација.

**Број 08-15684/17-1**
**13.11.2015год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 - 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година.

**Број 09-15684/18**
**13.11.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.11.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 - 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2018 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15684/18**
**13.11.2015год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**Г2 РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 -2018 ГОДИНА**

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на развојот на туризмот на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз непосредното учество на сите релевантни фактори од сферата на туризмот, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој на туризмот, и ќе овозможи подобрување на социо-економскиот и одржливиот фактор.

**Програмата за поттикнување на развојот на туризмот** се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Одржлив Развој на Туризмот на Општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој , при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2015, 2016, 2017 и 2018 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

**ОПФАТЕН ПЕРИОД ВО ПРОГРАМАТА:**

Во предог програмата опфатен е четиригодишен период со цел да бидат офатени активности кои по својот карактер не можат да се реализираат на годишно ниво.

Имено согласно донесената Одлука на Совет, финансирањето на одредна поддршка кон авио превозници ќе се финансира во период од 4 (четири) години во кои се распоредени средства во износ од **6.100.000,оо ден. за 2015, 12.200.000,оо за 2016, 12.200.000,оо ден. за 2017 и 6.100.000,оо ден. за 2018 год** или вкупно **36.600.000,оо ден.** за сите години.

Од вкупниот износ на средствата, за 2015-2018 во износ од **54.700.000,оо ден.** развојната програма за потикнување на туризмот на Општина Охрид за буџетската 2015 година ќе се реализира **12.200,000,оо денари**.

Остатокот **од 42.500.000,оо денари** по својата поблиска намена ќе бидат дефинирани со буџетот за 2016, 2017 и 2018 година:

**Средства предвидени за 2016 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 15.200.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 16.200.000,оо ден. |

**Средства предвидени за 2017 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 15.200.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 16.200.000,оо ден. |

**Средства предвидени за 2018 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 9.100.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 10.100.000,оо ден. |

**Со ребалансот на буџетот за развојната програма бараме измена во вкупната сума која треба да биде:**

| **Одобрен буџет 2015-18** | **Ребаланс 2015-18** | **Одобрен буџет 2015** | **Ребаланс 2015** |
|---|---|---|---|
| **54.700.000,00 МКД** | **54.200.000,00 МКД** | **12.200.000,00 МКД** | **11.700.000,00** |

Измените кои се бараат со ребалансот за буџетот (намалување на вкупниот износ за 500.000,00 МКД) се однесуваат само за тековната 2015 година, и тоа по својата поблиска намена поставена по програмски активности ќе изгледа на следниов начин:

| Програмска активност | Одобрен буџет | Буџет за ребаланс |
|---|---|---|
| **2.6. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда** | 3.400.000,00 | 2.900.000,00 |

**Извори на финансирање на програмата**

Програмата за 2015 година предвидува приходна ставка од **11.700.000,00 денари**:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 10.700.000,оо ден. |
| 2. | Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| | **Вкупно** | **11.700.000,оо ден** |

**Предлог Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2015 година**

Современите светски туристички текови покажуваат дека туризмот претставува еден од најзначајните развојни потенцијали на глобално ниво, при што се поголем број на луѓе во светот патуваат во туристичките дестинации задоволувајки ги своите различни интереси. Општината и градот Охрид со својата географската положба, културно – историското наследство, Охридското Езеро, Националниот Парк “Галичица”, живописните рурални области, традиција и гостопримливост како конкурентни предности претставуваат основата за подготовката на развојните програми за туризмот. Особено се внимава на стратегијата за развој на туризмот, темелена на јакнење на понудата на целата територија на општината, конкурентноста и стандардите на квалитет на понудата и услугите.

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни сегменти во туристичката дејност со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Охрид и усвоените приоритети:

I. Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
II. Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,

III. Брендирање на Охрид како туристичка дестинација,
IV. Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2015 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2015 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

**1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

Секторот ТЛЕР – Одд. за туризам во 2015 ќе продолжи со активностите за евиденција регистрација, категоризација, и продолжување на решенијата за категоризација што претставува основа за управувањето со туризмот, а истовремено е во согласност со првиот приоритет од стратегијата за развој на туризмот – односно дефинирање на туристичката понуда во сегментот на сместувачки капацитети од мал обем. Во рамките на управувањето со туризмот исто така ќе бидат опфатени информациите во електронски медиуми, состаноци со станоиздавачи и медиуми, организирање на прес конференции, изготвување на информативни флаери.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.2 Туристички информативни центри**

Со оглед на нефункционалноста на поставениот туристички информативен центар на претходно предвидената локација на Бул Туристичка на влез на Охрид, се предвидува негова дислокација во централното градско подрачје. Во неговата функција е предвидено и воспоставување на телефонска инфо линија за пријавување на неправилности и проблеми од обласата на туризмот во Охрид. Во овој центар туристите ќе добиваат информации за сместување и други корисни информации поврзани со туристичката понуда на градот и календар на настани. Исто така во овој ТИЦ ќе се овозможи и користење на услугите на резервација на сместување за туристите, која е во склоп на туристичкото биро Лихнидос. Изградбата на овој објект е восклоп на проектот WATERNET, одобрен и финансиран од Програмата за прекугранична соработка со Грција во рамки на ИПА Програмата за Р Македонија.

**Превиден Буџет 600.000,00 ден**

**1.3 Одбележување (сигнализација) на туристичките места**

Со цел на потенцијалните посетители (туристи) да им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места, со оваа програмска активност се предвидени поставување на туристичка сигнализација (патокази, клупи и настрешници на видиковци), како и одбележување и уредување на полетно – слетни локации за параглајдери. Активноста е во склоп на проектот “Кон алтернативен Туризам“, во кој Општина Охрид учествува како партнер, со што целосното финансирање ќе биде обезбедено од страна на главниот апликант МРФ (Македонска Развојна Фондација за Претпријатија), во рамки на IPA CBC 2011.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.4 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем**

Оваа програмска активност предвидува субвенционирање на регистрирани и категоризирани станоиздавачи од мал обем, кои согласно законските регулативи редовно ги подмируваат обврските за исплата на Туристичка Такса. Субвенционирањето би се реализирало на полугодишна основа, по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на приватниот станоиздавач, а во период од 6 месеци. На овој начин, приватните станоиздавачи би биле охрабрени за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата на туристичката такса, како и намалување на прикривањата на нејзина уплата, кои се

евидентирани во изминатиот период од страна на инспекциските служби. Дополнителните анализи ќе ја утврдат висината на субвенцијата, како и останатите критериуми кои ќе треба да се исполнат за да може да се добијат субвенциите.

**Превиден Буџет 350.000,00 ден**

**1.5 Субвенционирање на авио превозници**

Цел на доделување на финансиска поддршка е поттикнување на туризмот и локалниот економски развој со создавање на услови на посета на странски туристи на градот по подостапни цени во воздушниот сообраќај и поедноставен пристап преку користење на воздушен сообраќај со директен трансфер до Аеродромот Св. Апостол Павле –Охрид. Исплата на средства за оваа намена предвидено е во 2015, 2016, 2017 и 2018 година и истите ќе бидат вклопени во буџетите за 2015, 2016, 2017 и 2018 година.

**Превиден Буџет 6.100.000,00 ден**

**1.6 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор**

Преку оваа програмска активност се предвидува организација на серија обуки на давателите на услуги во туристичко – угостителскиот сектор. Преку нив е предвидено да се изврши стручно усовршување на одредени квалификации во однос на видот и начинот на давање на услуги во туристичкиот и угостителскиот сектор (приготвување и послужување на храна, бон тон во угостителството, промоција и маркетинг на услугите и слично). Овие обуки ќе се организираат во соработка со Факултетот за Туризам и Угостителство, како и со други институции кои се специјализирани за оваа област. Се очекува со реализацијата на овие обуки да се подигне квалитетот на сервисот и услугите во туристичко-угостителскиот сектор. Видот и типот на обуките ќе биде согласно потребите утврдени од анкетните истражувања на приватниот сектор реализирани во 2014 година.

**Превиден Буџет 60.000,00ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 7.110.000.00 ден.**

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

**2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.**

Соработка со новинари од познати туристички печатени и електронски медиуми од различни земји, како од регионот така и од европските држави, заради запознавање со туристичките потенцијали на градот и регионот. Успешната промоција вклучува прифаќање на понудите за промовирање кои ги нудат познатите туристички печатени и електронски медиуми.

**Превиден Буџет 50.000,00 ден**

**2.2 Соработка со странски туроператори.**

Активноста предвидува организирана посета на Охрид на странски туроператори и странски медиуми со цел презентација на туристичките потенцијали на градот и регионот, зголемена соработка меѓу домашните туристички субјекти со странски туроператори, размена на искуства и склучување договори. Промотивната

тура која беше реализирана во 2014 година, наметна потреба од редовно годишно организирање на ваков тип на промотивни тури, која нуди активна туристичка промоција и непосредно запознавање на странските туроператори со туристичката понуда која ја нуди градот Охрид.

**Превиден Буџет 110.000,00 ден**

**2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи.**

Промоција на Охрид и регионот на целни туристички пазари преку туристички берзи со што ќе се остворат услови за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив. Промоциите на туристички берзи ќе се реализираат во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори. Веодно, во оваа ставка се предвидени и организирани промоции на туристичкиот потенцијал во таргетирани странски држави, по теркот на реализираните промоции на Охрид во 2014 година во Советот на Европа во Стразбур, Франција, и Прага, Чешка Република. На овој начин, директно и непосредено на присутните туристички работници и стејкхолдери од таргетираните држави каде би се одржувала промоцијата, им се дава можност да се запознаат со туристичкиот потенцијал на Охрид, активност во која непосредно се вклучуваат и туристичките работници од Охрид со нивно присуство и директни B2B сердби со своите колеги од државите каде се одржува промоцијата.

**Превиден Буџет 250.000,00 ден**

**2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи од алтернативните форми на туризам**

Со реализација на оваа програмска активност, ќе се овозможи активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Алтернативните форми на туризмот се најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Во склоп на реализација на оваа програмска активност, ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Манифестацијата “Охридска софра 2015”
- Фестивалот “Вино и сирење”

**Превиден Буџет 350.000,00 ден**

**2.5. Организација на “ЛЕТО 2015”**

Организирање манифестација “ЛЕТО 2014” која би се одржала во месец јули и би преставувала настан со културно уметничка програма на кој би се презентирала целокупната туристичка понуда и кој на симболичен начин би го одбележал почетокот на туристичката сезона во град Охрид.

**Превиден Буџет 400.000,00 ден**

**2.6. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда**

- Изработка на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици: каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Репринт на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Изработка на промотивен ЦД материјал.

- Изработка на промотивен материјал за промоција на алтернативни форми на туризам
- Изработка на саемски банери,
- Надополување и изработка на дополнителни веб страни за промоција на туризмот.
- Изработка на видео спотови за различни сегменти на туристичката понуда: ноќен живот, култура, активен туризам, забава, гастрономија...).

**Превиден Буџет 3.400.000,00 ден**

**2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем**

- Ажурирање и одржување на веб страна www.ohrid.com.mk,
- Поставување и одржување на инфо пултови,
- Изработка и поставување на билборди и City Light – реклами со туристички мотиви од Охрид.

**Превиден Буџет 30.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 4.590.000.00 ден.**

## 3. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

### 3.1. Подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.
Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 40.000,00 ден**

### 3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти, меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект**

**Превиден Буџет 110.000,00 ден**

### 3.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти

